Врз основа на член 5 точка 4 од Законот за платен промет (“Службен весник на Република Македонија" бр.32/2001) и член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија" бр 29/96 и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXVIII, одржана на 21.05.2001 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на стандард за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет**
**(“Службен весник на Р.М “ бр.41/01)**

1. Со оваа Одлука се утврдува стандардот за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет отворени кај носителите на платен промет за извршување на платен промет во земјата.

2. Бројот на сметка преку која се врши платен промет во земјата се состои од 15 цифри.

3. Носителите на платен промет го формираат бројот на сметка на следниот начин:

- 3 цифри за водечкиот број на носителот на платен промет,
- 10 цифри за број на сметка во рамките на системот на носителот на платен промет и
- 2 цифри за контролен број.

4. Водечкиот број служи за идентификација на носителот на платен промет и не смее да се повторува. Тој е единствен за секој носител на платен промет. Водечкиот број на носителите на платен промет во земјата го одредува Народна банка на Република Македонија со посебна Одлука.

5. Бројот на сметка во рамки на системот на носителот на платен промет служи за идентификација на сметката. Овој број мора да биде единствен и неповторлив за секоја сметка во рамки на системот на носителот на платен промет.

6. Контролниот број се пресметува по меѓународниот стандард ИСО 7064 со примена на системот" модул 97-10".

7. Сметките кои се водат во Заводот за платен промет ја задржуваат својата конструкција, при што како водечки број на Заводот за платен промет се смета бројот "4", сé до престанувањето со работа на Заводот за платен промет, согласно со Законот за трансформација на Заводот за платен промет.

8. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/LXXXVIII-7/2001
21 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна Банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески**